Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**октомври, 2023 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## СОДРЖИНА

Р Е З И М Е ........ 2
1. РЕАЛЕН СЕКТОР ........ 3
Индустриско производство ........ 3
Број на работници во индустријата ........ 4
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5
Број на извршени градежни работи по видови објекти ........ 6
Промет во секторот трговија ........ 6
Инфлација ........ 7
Берзански цени ........ 9
2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА ........ 10
Извоз ........ 11
Увоз ........ 12
Салдо на трговска размена ........ 13
Валутна структура ........ 14
3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР ........ 14
Буџетски приходи според економската класификација ........ 14
Буџетски расходи според економската класификација ........ 15
Расходи по буџетски корисници ........ 16
Буџетско салдо ........ 18
4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР ........ 18
Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ........ 18
Плати ........ 19
Пензии ........ 20
5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР ........ 21
Примарни пари ........ 21
Кредити на банките ........ 22
Каматни стапки на депозитни банки ........ 23
Пазар на капитал ........ 23
Девизни резерви ........ 24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е
## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА
## октомври, 2023 година

- Во октомври 2023 година, индустриското производство забележа раст од 9,9% во споредба со истиот месец претходната година;
- Во октомври, стапката на инфлација изнесува 3,5%, односно таа е преполовена во споредба со претходниот месец (6,6% во септември 2023 година). На месечно ниво, стапката на инфлација се намали за 1,5%;
- Во периодот јануари - октомври 2023 година извозот забележа раст од 0,2%, а увозот пад од 8,7%, што резултира со намалување на трговскиот дефицит за 28,2% споредено со истиот период од 2022 година;
- Во периодот јануари - октомври 2023 година, вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 224.355 милиони денари, односно 25,1% од БДП, што претставува повисоко остварување за 11,9% во однос на истиот период од 2022 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – октомври 2023 година изнесуваа 249.414 милиони денари, односно 27,9% од БДП, што е за 15,1% повеќе во однос на истиот период претходната година;
- Вкупните кредити на банките во октомври 2023 година се зголемија за 5,3% на годишно ниво, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 8,0%.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во октомври 2023 година, индустриското производство забележа раст од 9,9% во споредба со истиот месец претходната година. Растот во октомври 2023 година се должи на зголеменото производство во сите сектори: Рударство и вадење камен од 15,9%, Преработувачка индустрија за 8,2% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 19,0%.




Раст на производството во октомври 2023 година бележат 13 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 65,2% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, раст во октомври 2023 година е забележан во гранките производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 26,3% со придонес од 2,8 п.п., производство на машини и уреди за 8,1% со придонес од 0,6 п.п., додека намалување е забележано кај: производство на метали за 15,9% со придонес од -0,9 п.п., и производство на електрична опрема за 9,9% со придонес од -0,6 п.п..




Од традиционалните гранки, во октомври 2023 година, зголемување на производството се забележува во гранките: производство на пијалаци за 30,6% и придонес од 1,2 п.п., производството на текстил за 14,2% и придонес од 0,7 п.п. и прехранбена индустрија за 21,3%, со придонес од 2,2 п.п., додека намалување на производството се забележува во гранките: производство на тутунски производи за 43,3%, со придонес од -0,4 п.п., производство на облека за 13,3% со придонес од -0,9 п.п., производство на кожа за 22,9% со придонес од -0,2 п.п. и преработка на дрво и производи од дрво и плута за 27,1% и придонес од -0,3 п.п..

Зголемувањето на индустриското производство според намената на произведените единици во октомври 2023 година е резултат на зголеменото производство во следните групи: Енергија (раст од 11,5% со придонес од 1,0 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 2,9%, придонес од 1,0 п.п.), Капитални производи (раст од 27,5% со придонес од 5,6 п.п.), и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 11,4%, придонес од 3,7 п.п.), а намалување на производството се забележува единствено во групата Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 28,0%, придонес од -1,2 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари - октомври 2023 година индустријата забележа раст од 1,7%, што се должи на зголеменото производство во секторите Преработувачка индустрија за 0,5% (придонес од 0,4 п.п.) и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 18,6% (придонес од 1,3 п.п.), додека намалување на производство бележи секторот Рударство и вадење камен за 0,7% (придонес од -0,1 п.п.).







Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - октомври 2023 година е регистриран во следните групи: Енергија (10,3%), Капитални производи (9,2%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (2,8%), а пад во: Интермедијарни производи, освен енергија (за 5,1%) и Трајни производи за широка потрошувачка (за 6,9%).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во октомври 2023 година е зголемен за 2,9% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници за 3,5% во секторот Преработувачка индустрија , додека намалување на бројот на работници бележат секторите Рударство и вадење камен за 0,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 5,1%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 20,4%, производство на текстил за 13,8%, и поправка и инсталирање машини и опрема за 12,5%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во октомври 2023 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележат групите: Капитални производи за 15,7% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 0,2%.

Кумулативните податоци покажуваат дека во периодот јануари – октомври 2023 година бројот на работници во индустријата бележи раст од 1,2%, што се должи на зголемениот број

работници во секторот Преработувачка индустрија за 1,8%, додека намалување на бројот на работниците се забележува во секторите Рударство и вадење камен за 2,2‘% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 4,4%.

Во однос на наменските групи, во периодот јануари - октомври 2023 година, бројот на работници во индустријата е зголемен во групата Капитални производи, и тоа за 13,4%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во октомври 2023 година, издадени се вкупно 325 одобренија за градење, што претставува значителен пад од 12,9% во однос на истиот месец 2022 година, како резултат на годишниот пад на издадените одобренија за градење за објекти од нискоградба за 37% (тие учествуваат со 24,6% во вкупниот број издадени одобренија за градење), и за објекти за реконструкција за 4,9%. Споредено со септември 2023 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 0,3%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во октомври 2023 година е пониска за 47,7% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи пад од 12,9%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење 187 (или 57,5%) се наменети за објекти од високоградба, 80 (или 24,6%) за објекти од нискоградба и 58 (или 17,8%) за реконстркција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 325 издадени одобренија за градење, на 175 објекти (или 53,8%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 150 објекти (или 46,2%) деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во октомври 2023 година предвидена е изградба на 790 станови со вкупна корисна површина од 71.091 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 2,2% на месечно ниво, а за 13,0% на годишно ниво.

Графикон 1.5: Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.6: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(октомври 2023)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.7:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*



## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Во септември 2023 година беа извршени градежни работи во вкупна вредност од 2.956 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 1,1%, кај нискоградба раст од 2,9%, а кај високоградба пад од 1,9%. Споредено со август 2023 година, вкупната вредноста на извршените градежните работи бележи раст од 31,9%, при што кај нискоградбата се забележува раст од 64,3%, а кај високоградбата пад од 1,6%. Кумулативно, во периодот јануари – септември 2023 година, вредноста на извршените градежни работи изнесува 21.246 милиони денари, што е за 1,9% повеќе во споредба со истиот месец минатата година.




Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во првите девет месец годинава беа извршени градежни работи во вредност од 11.881 милион денари, односно за 1,7% повеќе во однос на истиот период минатата година. Вредноста на извршените работи кај високоградбата во овој период се зголеми за 2,0% и изнесува 9.364 милиони денари.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - септември 2023 година е намалена за 7,1%, при пад и кај нискоградбата (7,2%) и кај високоградбата (7,0%).

## Промет во секторот трговија

Во октомври 2023 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот од 1,4%, по падот од 0,1% во септември. Вредноста на прометот во октомври 2023 година изнесува 63.650 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - октомври 2023 година, вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 629.316 милиони денари, што е за 7,4% повеќе во однос на истиот месец минатата година.




Кумулативно, во периодот јануари - октомври 2023 година, позитивен раст на прометот е забележан и кај секторите трговија со моторни возила, чија вредност на прометот

изнесува 39.244 милиони денари, односно за 17,9% повеќе во однос на истиот период минатата година, трговија на големо 336.674 милиони денари или за 8,7% повеќе во споредба со иститот месец претходната година и трговија на мало 253.398 милиони денари, односно за 4,3% повеќе во однос на истиот период од 2022 година.

На реална основа, во октомври 2023 година трговијата на мало бележи годишен пад од 3,9%, додека анализирано по групи и класи, намалување е забележано во две групи, и тоа кај трговијата на мало со автомобилски горива за 13,9% и кај трговијата на мало со непрехранбени продукти за 5,9%, додека зголемување е забележано единствено кај трговијата на мало со храна, пијалаци и тутун и тоа за 4,3%.

Во октомври 2023 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (52,96%), потоа Трговија на мало (40,72%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (6,32%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во октомври изнесува 3,5% и во споредба со претходниот месец таа е преполовена (6,6% во септември 2023 година). Овој месец карактеристично е тоа што за прв пат храната не е двигател на растот, односно инфлацијата се должи главно на растот на базичната инфлација и нивото на цените на енергентите. Цената на струјата во јули 2023 година се зголеми како резултат на одлуката на РКЕ поради враќањето на стапката на ДДВ од 10% на 18%, при што цената на енергијата за првиот блок беше намалена, а за другите три блока зголемена.

Графикон 1.10: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Кумулативно, во првите десет месеци од 2023 година стапката на инфлација изнесува 10,7%.

Во октомври базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) изнесува 6,5% на годишна основа и е непроменета во споредба со претходниот месец. Најголем позитивен придонес имаат зголемените цени во категоријата Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата, како и цените во категоријата Разновидни стоки и услуги.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа големо забавување на растот, односно намалување од 6,8 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесуваат 1,0% на годишно ниво, при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во октомври изнесува 0,4 п.п..

Негативен придонес во цените на храната имаа поткатегориите млеко, сирење и јајца (-0,4 п.п.), масло (-0,4 п.п.) и леб (-0,1 п.п.).



Графикон 1.11: Структура на инфлацијата според COICOP (*придонеси во п.п.*)

Извор: ДЗС.

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во октомври 2023 година е забележан во категоријата Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 10,3%. Раст на цените е регистриран во сите категории, и тоа: Разновидни стоки и услуги од 9,0%, Рекреација и култура од 8,1%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 7,1%, Ресторани и хотели од 6,9%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 5,3%, Здравствена заштита од 5,0% Облека и обувки од 4,3%, Образование од 2,9%, Транспорт од 0,6% и Комуникации од 0,2%

Во октомври, потрошувачките цени се намалија за 1,5% на месечно ниво (минатиот месец цените се намалија за 0,1%), пред сè како резултат на падот на цените на храната (цените на храната учествуваа во намалувањето на месечната инфлација со 1,5 п.п.). Овој месец цените на храната се намалија за 3,8% што е резултат на мерката на Владата за намалување на цените на основните прехранбени производи за 10%, кои во малопродажбата се продаваат со ознаката „гарантирана цена". Оваа мерка ќе важи до крајот на годината.

За намалување на цените на храната најголем негативен придонес (-0,5 п.п.) имаа цените на млекото, сирењето и јајцата, кои се намалија за 6,4% на месечно ниво. Други поткатегории кои имаа позначителен негативен придонес се: месото (пад од 3,5% и придонес од -0,3 п.п.), лебот и житните производи (пад од 3,3% и придонес од -0,3%) и зеленчукот (пад од 7,1%, придонес од -0,3 п.п.).



Графикон 12: Споредба на инфлација (годишни стапки на раст во %) меѓу земјите од Западен Балкан

Во октомври 2023 година, цените на мало се зголемија за 3,4% на годишно ниво. На месечна основа, ц ените на мало регистрираа пад од 0,6%.

Стапката на инфлација во еврозоната во октомври 2023 година регистрира намалување за 1,4 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 2,9% (4,3% во септември, што претставува најниска стапка на инфлација од јули 2021 година). Храната и понатаму останува релативно скапа.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација во нагорна насока и тоа за 0,2 п.п. за 2023 и 2024 година, додека стапката на инфлација за 2025 година е ревидирана надолу за 0,1 п.п.. Согласно најновите проекции, стапката на инфлација во 2023 година би достигнала 5,6%, во 2024 година 3,2% и во 2025 година 2,1%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во октомври 2023 година се намали за 3,1% на месечно ниво и изнесува 91,1 долар за барел (овој месец е регистриран пад, откако три месеци по ред нафтата се зголемуваше на месечно ниво). Во октомври, цената на нафтата се намали како резултат на стивнувањето на тензиите на Блискиот Исток, како и на забавениот економски раст на еврозоната. На годишно ниво, цената на нафтата е пониска за 2,2%.

Графикон 1.13: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во октомври 2023 година, цената на природниот гас регистрира раст од 19,8% на месечно ниво. Растот на месечно ниво е поврзан со временските услови, односно почеток на грејната сезона. На годишно ниво, цената на природниот гас во октомври 2023 година се намали за 57,5%. Овој тренд на намалување на цената на природниот гас започна при крајот на 2022 година и продолжи во 2023 година.

Графикон 1.14: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во првата половина од 2023 година се забележува стабилизирање и намалување на цените на енергентите на светските и регионалните берзи, по значителниот раст во текот на 2021 и 2022 година. Цената на електричната енергија во октомври 2023 година, според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX), изнесува 104,91 евро за мегават/час и на месечно ниво е зголемена за 1,1%, а на годишно ниво намалена за 45,9%.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,2 | 515,5 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (HUPX)Во октомври 2023 година, цените на повеќето основните метали регистрираа намалување. Намалување на цените на месечно ниво се забележува кај: никелот за 6,9%, оловото за 5,3%, калајот и бакарот за по 4,1% и цинкот 1,9%. Цените на алуминиумот се зголемија за 0,3%.

Графикон 1.15: Берзански цени на метали
(цени во долари/тон)



Извор: Светска банка.

Цената на железната руда регистрира пад од 1,7% на месечна основа.

Цената на златото во октомври остана непроменета. Другите благородни метали регистрираа намалување на месечна основа, па така среброто и платината се намалија за по 3,1%.

Во октомври 2023 година, цените на пченката и пченицата на светските берзи се зголемија за 3,1% и 2,6%, соодветно, на месечна основа. Цената на сончогледовото масло регистрира раст од 1,7% во споредба со претходниот месец.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите десет месеци од 2023 година изнесува 16.175,4 милиони евра и бележи пад од 5,1% во однос на истиот период минатата година.

Графикон 2.1: Надворешна трговија
(износи во милиони евра)



Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - октомври 2023 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 2,3 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 61,9%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите десет месеци од 2023 година изнесува 24,9% и е зголемено за 1,8 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.

[1]Започнувајќи од септември 2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## Извоз




Вредноста на извезените стоки во првите десет месеци од 2023 година изнесува 6.946,0 милиони евра и бележи раст од 0,2% (14,0 милиона евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 4,9%.

Вредноста на извезените стоки во октомври 2023 година изнесува 705,6 милиони евра и бележи пад од 8,9% (69,2 милиона евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 6,4% споредено со октомври 2022 година.




Анализирано на месечно ниво, извозот во октомври 2023 година бележи пад од 4,3% (31,8 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, податоците исто така покажуваат пад од 4,3%, што укажува дека сезонскиот фактор нема влијание врз извозот овој месец.




Вредноста на извозот на храна во првите десет месеци од 2023 година е зголемена за 34,6 милиони евра, што претставува раст од 9,2% во однос на истиот период од 2022 година. Растот на вредноста на извозот на храна главно се должи на зголемените цени на храната на меѓународниот пазар, имајќи предвид дека количината на извезената храна е намалена за 4,7%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите десет месеци од 2023 година изнесува 5,9% и е зголемено за 0,5 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.

Анализирано според економските групации[2] на земјите, во периодот јануари - октомври 2023 година споредено со истиот период од 2022 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион, додека пад има во групациите: Организација на земјите извозпнички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 1,2% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 2,1%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и во земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 79,0% и 12,3%, соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - октомври 2023 година изнесува 9.229,4 милиони евра и бележи пад од 8,7% (880,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на увозот пад од 1,0%.

Вредноста на увозот во октомври 2023 година изнесува 981,4 милиони евра, што претставува пад од 11,5% (127,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2022 година, а увезените количини стоки се зголемени за 4,0% споредено со октомври 2022 година.

Анализирано на месечно ниво, увозот во октомври 2023 година бележи раст од 3,5% (33,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 2,5%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (6,1 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во првите десет месеци од 2023 година е зголемена за 64,3 милиона евра, што претставува раст од 8,7% во однос на истиот период од 2022 година. Растот на вредноста на увозот на храна главно се должи на зголемените цени на храната на меѓународниот пазар, имајќи предвид дека количината на увезената храна е намалена за 0,5%. Во структурата на вкупниот увоз на нашата земја, учеството на храната во првите десет месеци од 2023 година изнесува 8,7% и е зголемено за




[2] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извозници на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

1,4 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X -2022 | I-X -2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 128,4 | 111,8 | -16,6 | -13,0 |
| Мил.ЕУР | 129,0 | 89,1 | -39,9 | -30,9 |
| Мил.$ | 135,9 | 96,3 | -39,6 | -29,1 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X -2022 | I-X -2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 1.075,9 | 1.000,1 | -75,8 | -7,0 |
| Мил.ЕУР | 958,8 | 741,3 | -217,5 | -22,7 |
| Мил.$ | 1.006,6 | 801,1 | -205,5 | -20,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X -2022 | I-X -2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 65,9 | 67,5 | 1,5 | 2,3 |
| Мил.ЕУР | 2.066,5 | 2.019,1 | -47,4 | -2,3 |
| Мил.$ | 2.177,8 | 2.182,0 | 4,3 | 0,2 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X -2022 | I-X -2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 25,8 | 24,7 | -1,1 | -4,3 |
| Мил.ЕУР | 154,4 | 154,3 | -0,1 | -0,1 |
| Мил.$ | 163,4 | 166,7 | 3,3 | 2,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X -2022 | I-X -2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 573,3 | 550,7 | -22,6 | -3,9 |
| Мил.ЕУР | 689,6 | 492,1 | -197,5 | -28,6 |
| Мил.$ | 737,4 | 531,8 | -205,6 | -27,9 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X -2022 | I-X -2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 627,0 | 572,2 | -54,8 | -8,7 |
| Мил.ЕУР | 566,4 | 424,1 | -142,3 | -25,1 |
| Мил.$ | 602,7 | 457,9 | -144,8 | -24,0 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - октомври 2023 година трговскиот дефицит се намали за 28,2% односно 894,8 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во октомври 2023 година трговскиот дефицит се намали за 17,4% односно 58,1 милион евра споредено со октомври 2022 година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и на зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари - октомври 2023 година 79,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Турција, Србија, Италија, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Унгарија, Шпанија и Чешка.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 91,8% од трговската размена во периодот јануари - октомври 2023 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2022 година претставува зголемување за 1,8 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 94,8% и 89,4%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 2,3 п.п., а кај увозот е зголемена за 1,3 п.п. во однос на периодот јануари – октомври 2022 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-X -2022 | | | | | I-X -2023 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 4 530,6 | 8 906 273 116 | 61,6141 | 548 752 002 396 | 88,1 | 4 977,4 | 8 254 261 329 | 61,5695 | 508 210 742 925 | 89,4 | -652 011 787 | -7,3 |
| УСД | 1 359,5 | 1 196 825 877 | 58,4442 | 69 947 530 915 | 11,2 | 848,2 | 973 430 950 | 57,0004 | 55 485 953 523 | 9,8 | -223 394 927 | -18,7 |
| ГБП | 1,5 | 16 555 039 | 72,5784 | 1 201 538 268 | 0,2 | 1,6 | 18 548 977 | 70,7461 | 1 312 267 817 | 0,2 | 1 993 938 | 12,0 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5 891,5 | | | 619 901 071 579 | 99,5 | 5 827,2 | | | 565 008 964 265 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 5 903,3 | | | 622 928 217 033 | 100,0 | 5 841,5 | | | 568 283 300 108 | 100,0 | | -8,8 |

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - октомври 2023 година изнесуваа 224.355 милиони денари, односно 25,1% од БДП, што претставува повисоко остварување за 11,9% во однос на истиот период од 2022 година. Во споредба со октомври претходната година, буџетските приходи бележат зголемување за 23,1%, што произлегува од позитивниот придонес на даночните приходи, придонесите и во помал обем на неданочните приходи (придонес од 15,4 п.п., 7,4 п.п. и 1,3 п.п., соодветно). Притоа, во октомври 2023 година, даночните приходи забележаа раст од 24,7% на годишна основа, како резултат на зголемувањето на приходите по сите основи, со исклучок на приходите од ДДВ.

**Графикон 3.1**: Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – октомври 2023 година, реализацијата на даночните приходи изнесува 126.304 милиони денари, односно тие се повисоки за 7,2% во однос на периодот јануари – октомври 2022 година, како резултат на растот на приходите од данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите, увозните давачки и други даночни приходи.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 44,5% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 56.193 милиони денари и бележат зголемување од 0,7% во однос на периодот јануари – октомври претходната година. Притоа, годинава ДДВ е наплатен во бруто-износ од 89.999 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 33.806 милиони денари (бруто-наплатата е

пониска за 1,6%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 5,2% споредено со 2022 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз, којшто забележува пониско остварување за 6,4%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување за 10,6%. Акцизите се остварени во износ од 22.367 милиони денари (учество од 17,7% во даночните приходи), што претставува зголемување од 5,0% во споредба со периодот јануари – октомври 2022 година. Така, само од овие два индиректни данока се остварени вкупно 78.560 милиони денари, што претставува 62,2% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – октомври 2023 година.

Приходите од данокот на личен доход изнесуваа 21.184 милиони денари и бележат раст од 14,8% на годишна основа, а притоа 66,4% од приходите се од плата и други лични примања, 8,4% од приходи од капитал, 8,7% од приходи по основ на договор на дело, 5,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 10,6% од други видови данок на доход.

Во периодот јануари – октомври 2023 година, приходите од данокот на добивка изнесуваа 14.582 милиона денари и забележаа поголемо остварување за 8,3% во однос на истиот период претходната година како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 16,7%, додека даночните биланси забележаа намалување за 8,4%.

Приходите од царина се остварени во износ од 9.187 милиони денари и забележаа зголемување од 11,8%. Приходите од други даноци со остварен износ од 2.791 милион денари забележаа значително зголемување за 395,7% во однос на истиот период минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 74.677 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 19,8% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 19,7%, кај придонесите за вработување за 20,1% и кај придонесите за здравствено осигурување за 19,8%.

Неданочните приходи изнесуваа 13.598 милиони денари и во однос на периодот јануари – октомври 2022 година забележаа пониско остварување за 1,5% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 1.487 милиони денари, што преставува намалување од 31,5% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 6.892 милиона денари или за 165,4% повисоки во однос на истиот период од 2022 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – октомври 2023 година изнесуваа 249.414 милиони денари, односно 27,9% од БДП, што е за 15,1% повеќе во однос на истиот период претходната година. Во споредба со октомври претходната година, буџетските расходи бележат зголемување за 10,2%, што се должи на зголемувањето на тековните трошоци за 9,3%, како и на капиталните трошоци за 25,4%.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во структурата на реализираните вкупни расходи во периодот јануари – октомври 2023 година, тековните расходи во износ од

220.132 милиона денари учествуваа со 88,3% и се зголемија за 8,5% во однос на периодот јануари – октомври 2022 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 29.653 милиони денари, што претставува зголемување за 12,2% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 11,9%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 15.565 милиони денари и споредено со периодот јануари – октомври 2022 година забележаа намалување од 0,2%.



Графикон 3.3: Буџетски остварувања (во %)

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 163.484 милион денари. Средствата за трансфери бележат раст од 7,2% во однос на периодот јануари – октомври 2022 година, а учествуваа со 65,5% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 12,6% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 120.991 милион денари, со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 48,5%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, изнесуваа 74.105 милиони денари, што претставува зголемување за 15,1% споредено со периодот јануари – октомври 2022 година. Нивното учество во вкупните расходи изнесува 29,7%. Во категоријата други трансфери е регистрирано намалување од 6,0%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваа 18.348 милиони денари и се намалени за 25,5%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 19.444 милиони денари бележат зголемување од 16,8% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи изнесуваа 29.282 милиони денари со структурно учество од 11,7% во вкупните расходи, така што забележаа повисока реализација од 109,6% во споредба со периодот јануари – октомври 2022 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.



**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(октомври 2023 година)*

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – октомври 2023 година реализира 50.011 милиони денари или 91,6% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (68,3%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 34.167 милиони денари или 96,8% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални

бенефиции, којашто учествува со 22,7% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 83,3% (11.334 милиони денари) од планираните за 2023 година.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 26.382 милиона денари, што е 75,7% од вкупниот буџет за 2023 година. Најголем дел од расходите (62,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 16.389 милиони денари или 80,7% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 17,3%, за што се потрошени 4.563 милиони денари, односно 78,7% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – октомври 2023 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 10.047 милиони денари, што претставува 77,8% од сопствениот буџет за 2023 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 69,5%, за што се потрошени 6.979 милиони денари или 79,6% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 19,5%, и за таа намена се реализирани 1.963 милиони денари или 82,4% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 7.008 милиони денари што претставува 73,0% од планираните средства за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 89,1% во вкупните расходи, изнесува 77,1% од планираните средства за цела година, односно 6.242 милиона денари.

Министерството за одбрана, во периодот јануари – октомври 2023 година, реализира 10.962 милиона денари, што е 72,1% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 40,1%, па за таа намена реализацијата изнесува 4.393 милиони денари (80,1% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат со 23,5% во вкупните расходи, и за оваа ставка се потрошени 2.581 милион денари, односно 59,2% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија, во периодот јануари – октомври 2023 година, реализира вкупно 6.247 милиони денари, односно 52,3% од планираните средства за 2023 година. Притоа, капиталните расходи учествуваат со 64,3% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 4.020 милиони денари (54,3% од предвидените средства)., Во периодот јануари – октомври 2023 година, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 5.291 милион денари, или 71,8% од вкупниот буџет за 2023 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 56,5%, за што се потрошени 2.990 милиони денари или 96,5% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 1.922 милиона денари (60,3% од планираното за годината) и учество од 36,3% во вкупните расходи.

Графикон 3.5. Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.

Во овој период, Министерството за транспорт и врски реализираше 14.074 милиони денари, што претставува 73,6% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 94,2% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (13.256 милион денари или 73,8% од вкупно планираните средства).

Во јануари – октомври 2023 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 1.067 милиони денари, што претставува 59,9% од предвидените за 2023 година. Плати и надоместоци (437 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 40,9%, а притоа се реализирани 79,3% од планираните. По основ на капитални расходи отпаѓаат 38,9% од вкупните расходи, за што се реализирани 415 милиони денари или 53,1% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – октомври 2023 година, дефицитот во Буџетот на Република Северна Македонија изнесува 25.059 милиони денари, што претставува 2,8% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува -28.429 милиони денари и претставува 3,2% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари – октомври 2023 година изнесува 58,6% од вкупно планираниот буџетски дефицит за оваа година.

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во октомври 2023 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 169.617 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2022 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 0,2%. Бројот на новозасновани работни односи,почнувајќи од април 2021 година до средината на 2022 година, бележи тренд на позначителен годишен раст, а во периодот потоа продолжува со нешто поблаг раст, кој во последните три месеци е прекинат. Трендот на раст, меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

Од вкупниот број нововработени, 41,2% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во октомври 2023 година, 14,9% се од евиденцијата на невработени.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Вкупниот број невработени лица во октомври 2023 година изнесува 147.614, од кои 103.147 лица се активни баратели на работа, а 44.467 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 8,1%. Во однос на септември 2023 година бројот на невработени е намален за 2.379 лица, што претставува продолжување на трендот на пад на бројот на невработени, кој беше прекинат претходниот месец. Трендот на месечно намалување на бројот на невработени започна во март 2021 година, откако во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година бројот на невработени беше во пораст и досега, покрај претходниот месец, беше прекинат уште еднаш во октомври 2022 година.

Најголем дел од активните невработени лица (59,6%) е градско население, а според половата структура 48,4% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,3%, е со непотполно средно образование или помалку, 24,0% со завршено средно образование, а 7,7% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 48,9% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 61,0% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 12,7% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во септември 2023 година оствари годишен раст од 16,4%, а во однос на август 2023 година таа е повисока за 4,1%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на септември 2022 година се забележува во следните сектори: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (25,8%), Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (24,8%), Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (20,5%). Во септември 2023 година, реалните плати забележаа годишен раст од 9,2%.

Графикон 4.3: Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Највисока просечна нето-плата во септември 2023 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (69.705 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатена во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (92.568 денари), по што следуваат Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 52.916 денари, секторот Финансиски дејности и дејности за осигурување со 51.695 денари и секторот Рударство и вадење камен со просечно исплатена нето-плата во висина од 49.015 денари.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Просечната номинална бруто-плата во септември 2023 година изнесува 56.896 година и споредено со истиот месец од 2022 година порасна за 16,7%, а на месечна основа порасна за 4,2%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во септември 2023 година во однос на септември 2022 година се забележува во следните сектори: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (26,1%), Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (25,4%), Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (21,1%).

Графикон 4.5: Просечна нето-плата по сектори, септември 2023 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во октомври 2023 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 334.123 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 69,9% се корисници на старосна пензија, 22,1% на семејна пензија и 8,0% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во октомври 2023 година изнесува 20.238 денари, односно таа е повисока за 15,6% во однос на истиот месец од 2022 година[3]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите според новата методологија која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Согласно оваа методологија, усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.

Графикон 4.6: Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во септември 2023 година (последни расположливи податоци) изнесува 50,3%.

Просечната старосна пензија во октомври 2023 година изнесува 21.849 денари, просечната инвалидска пензија 17.976 денари, а просечната семејна пензија 15.963 денари. За исплата на пензиите во октомври 2023 година се потрошени 6.692 милиона денари, што претставува 53,1% од вкупните социјални трансфери.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во октомври 2023 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на 6,30%. Затегнувањето на монетарната политика е резултат на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како резултат на растечката инфлација и инфлациските очекувања со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
(октомври 2023 година)




Извор: НБРСМ.

Во октомври, расположливите депозити преку ноќ и на седум дена изнесуваат 4,20% и 4,25%, соодветно.

### Примарни пари

Во октомври 2023 година, примарните пари[4] се намалија за 6,9% на месечно ниво. Падот на примарните пари се должи на намалувањето на вкупните ликвидни средства за 14,9%, и намалувањето на готовите пари за 0,4%.

На годишно ниво, примарните пари регистрираа пад од 1,1%, што е резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 12%, додека готовите пари во оптек регистрираа раст од 9,3%.

### Депозитен потенцијал[5]

Во октомври 2023 година, вкупните депозити на банките се намалија за 0,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на претпријатијата се намалија за 1,8%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,3%.

Графикон 5.2: Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на валутата, во октомври 2023 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и во странска валута се намалија за 0,3% и 0,4%.

---

[4]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[5]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Во октомври 2023 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 8,0% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и во странска валута се зголемија за 9,2% и 6,6%, соодветно, на годишно ниво.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 14,1% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 6,8%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (октомври 2023 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | ***508.820*** | ***-0,3%*** | ***8,0%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *281.878* | *-0,3%* | *9,2%* |
| *Странска валута* | *226.942* | *-0,4%* | *6,6%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *216.095* | *-0,6%* | *3,4%* |
| *Долгорочни* | *113.918* | *1,5%* | *21,0%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***437.698*** | ***0,3%*** | ***5,3%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *252.812* | *1,0%* | *5,7%* |
| *Странска валута* | *184.885* | *-0,6%* | *4,8%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *64.095* | *-3,4%* | *-8,4%* |
| *Долгорочни* | *356.456* | *0,4%* | *8,3%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 3,4%, а долгорочните депозити за 21,0%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 55,4%.

## Кредити на банките

Во октомври 2023 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,3% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на претпријатијата за 0,1% и раст на кредитите на домаќинствата за 0,5%.

Од аспект на валутата, во октомври 2023 година, денарските кредити се зголемија за 1,0%, а девизните кредити регистрираа намалување од 0,6%.

На годишна основа, во октомври 2023 година, вкупните кредити се зголемија за 5,3%, во услови на раст на кредитите на претпријатија и кредитите кон домаќинствата за 4,1% и 6,3%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 5,7%, а кредитите во странска валута за 4,8%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,3%, додека краткорочните кредити се намалија за 8,4%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во октомври 2023 година, вкупната каматна стапка на кредитите остана непроменета во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,49%. Каматната стапка на денарските кредити се зголеми за 0,05 п.п. на месечно ниво и изнесува 5,75%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,06 п.п. и изнесува 5,19%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во октомври 2023 година се зголеми за 0,08 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,67%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,09 п.п. на месечно ниво и изнесува 2,13%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,08 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 1,29%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
(во %)




Извор: НБРСМ.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,99%, а на новоодобрените девизни кредити 4,20%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,84% и 1,83%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во октомври 2023 година се намали за 44,3% на месечно ниво, како резултат на падот на прометот од класичното тргување и прометот од блок трансакциите за 31,8% и 58,3%, соодветно.

Вкупниот промет на берзата во октомври 2023 година изнесува 321 милион денари и тој е намален за 64,9% на годишно ниво.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на октомври 2023 година изнесува 5.906,53 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 1,8%, а во однос на истиот месец претходната година за 4,4%.


MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на октомври 2023 година изнесуваа 3.920,62 милиона евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 0,5%, а во однос на октомври 2022 година за 4,5%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0